ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОЕКТ: ХИДРОЕЛЕКТРАНА „БОШКОВ МОСТ“

# ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ



Подготвено од: **ГЕИНГ КуК**

Јули, 2011

# Содржина


1 ВОВЕД ... 4
1.1 Историјат ... 4
1.2 Краткорочни цели на планот ... 4
1.3 Обем на планот ... 5
2 ОПИС НА ПРОЕКТОТ ... 5
3 ПОТРЕБИ ЗА ЈАВНИ КОНСУЛТАЦИИ ... 10
3.1 Општи барања и законска регулатива ... 10
4 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ... 13
4.1 Идентификување на засегнатите страни ... 13
5 МЕТОДИ НА КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ... 14
5.1 Методи на комуинкација ... 14
5.2 Комуникациски активности на засегнатите страни ... 16
5.3 Водење на записи од комуникацијата со засегнатите страни ... 16
6 ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ... 16
6.1 Видови на информации кои може да се објават ... 16
6.2 Функции и одговорности за спроведување на ПВЗС ... 17
7 МЕХАНИЗАМ НА ПОПЛАКИ ... 18
Анекс 1: Графички приказ на жалбениот процес ... 19
Анекс 2: Образец за јавна жалба за ХЕ Бошков Мост ... 20
Анекс 3: Временски рамки на предложените активности за ХЕ Бошков Мост ... 21
Анекс 4: Табела- Список на главните засегнати страни во ХЕ Бошков Мост ... 22
Анекс 5: Табела- Активности за вклучување на засегнатите страни изведени до сега ... 30

**Листа на акроними**

| | |
|---|---|
| АПЖССА | Акциониен план за животна средина и социјални аспекти |
| ЕБОР | Европска Банка за Обнова и Развој |
| ЕЕ | Енергетска ефикасност |
| ЕЛЕМ | Електрани на Македонија АД |
| ЕЛС | Единица(и) на локалната самоуправа |
| ЕКОНЕ | Европска комисија на Обединетите Нации за Европа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| НВО | Невладина организација |
| НП | Национален Парк (Маврово) |
| НТР | Нетехнично резиме |
| ОВЖС | Оцена на влијанието врз животната средина |
| ОВЖСО | Оцена на влијанието врз животната средина и општеството |
| ПВЗС | План за вклучување на засегнатите страни |
| ОИЕ | Обновливи извори на енергија |
| РМ | Република Македонија |
| С | Седиште |
| ХЕ | ХИДРОЕЛЕКТРАНА |

# 1 ВОВЕД

## 1.1 Историјат

Овој документ го објаснува и дефинира **Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)** на проектот: **“ХИДРОЕЛЕКТРАНА БОШКОВ МОСТ”** (во понатамошниот текст “Проектот”).

Инвеститорот на Проектот, ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА АД (во понатамошниот текст “ЕЛЕМ” или Компанијата), е компанија во државна сопственост која се занимава со производство на електрична енергија. Таа е главен производител на електрична енергија во Република Македонија.

Компанијата, исто поседува и раководи со три рудника за јаглен, но има формирано и различни услужни компании, како и фабрики за опрема, за одржување, за поправка и за траспорт.

ЕЛЕМ планира да изгради Хидроелектрана кај Бошков Мост, користејќи ги водите на Мала Река со нејзините притоки.

Планот за вклучување на засегнатите страни[1] (ПВЗС) има за цел да ги информира засегнатите страни за начинот на кој ЕЛЕМ и пристапува на оваа задача, кои информации ќе бидат дистрибуирани до јавноста, како јавноста ќе биде консултирана во врска со определени активности, и како засегнатите страни ќе може да ја искажат загриженоста или поплаките. ПВЗС ја зема предвид најдобрата меѓународна пракса во врска со обелоденувањето информации и ги оцртува општите принципи за вклучување кои ЕЛЕМ ќе ги усвои, како и оние кои ќе бидат користени во тековниот Проект.

Планот за вклучување на засегнатите страни ќе биде редовно разгледуван и ажуриран. Доколку активностите се променат или започнат нови активности поврзани со вклучување на засегнатите страни, ПВЗС ќе биде ажуриран. Тој периодично ќе биде разгледуван за време на имплементација на проектот и ќе биде дополнуван по потреба. Специфичните краткорочни цели на ПВЗС се наведени подолу.

## 1.2 Краткорочни цели на планот

Методите, постапките, политиките и акциите превземени од ЕЛЕМ за навремено информирање и консултирање со засегнатите страни во врска со потенцијалните влијанија од проектите се клучен предмет на овој документ.

[1] “Засегната страна” е лице, група или организација која е засегната или може да биде засегната од еколошките и/или социјалните последици на предложениот проект/активност. Ова опфаќа индивидуи/групи/организации кои пројавуваат интерес за проектот/активноста како и за учество во кружни маси и дебати, и/или можат да влијаат на имплементација и/или функционирање на проектот.

Клучните засегнати страни се идентификувани во овој документ. Доколку некоја засегната страна не е идентификувана, тој/таа треба да го контактира ЕЛЕМ и да побара да биде вклучен/а во идното обезбедување на информации и во комуникација.

Секундарната краткорочна цел на овој план е опишување на начинот на кој Компанијата би се справила со било каква загриженост или поплаки поврзани со овој Проект.

Овој документ исто така овозможува временски распоред за консултации, а кој може да биде предмет на ревизија при иницирање, планирање и спроведување на проектот. Ресурсите достапни за спроведување на ПВЗС се исто така опишани во овој документ.

### 1.3 Обем на планот

Овој докумемнт ги опфаќа следниве прашања:

- Опис на Проекот, локација на проектот и клучни еколошки и социјални прашања;
- Јавни консултации и потреби за објавување на информации;
- Идентификација на засегнатите страни и други заинтересирани субејкти;
- Преглед на претходната активност на ЕЛЕМ со засегнатите страни;
- Програма за вклучување на засегнатите страни како и методи за вклучување и ресурси; и
- Механизам за поплака за сите кои се загрижени дека нивните интереси во проектот не биле соодветно третирани.

## 2 ОПИС НА ПРОЕКТОТ

ЕЛЕМ планира да ја изгради Хидроелектрана Бошков Мост близу Дебар, во западниот дел на Република Македонија, со моќност од 70 MW. Автопатот Скопје-Дебар-Охрид минува близу долината на Мала Река кадешто ќе биде лоциран Проектот.

Значителен дел од проектот се наоѓа во рамките на Националниот Парк Маврово. Тој исто така е распространет во две општини: Маврово-Ростуша и Дебар.

Водите од Мала Река би се користеле за производство на електрична енергијаи би се испуштале назад во реката пред вливот во реката Радика, 10 km возводно од вливот на Радика со реката Црн Дрим.

Целта е да се изгради:

- брана која ќе формира акумулација (езеро);
- зафатни градби на сите потоци од сливното подрачје на Мала Река;
- деривациони канали, главен доводен тунел, цевководи и водостан;

- машинска зграда со турбини; и
- трафостаница и приклучок со главната мрежа за пренос на електрична енергија.

Ќе постојат и соодветни градежни активности, вклучувајќи работнички кампови, како и управување со локацијата. Предвидено е периодот на изградба да трае четири години.

Браната ќе биде изградена на вливот на Јадовска Река во Тресонечка Река подолу од селото Тресонче. Истата е висока 33,8 m и обезбедува корисен простор за резервоар од 858 x 103 $m^3$ што значи акумулирање на водата за неколку дена. Должината на главниот тунел е 8742 m и има дијаметар од три метри.

Тунелот поминува од десната страна на Мала Река низ планината Врање Краста. Од десната страна има зафатна градба на Росочка река. Сите други зафатни градби на реките Гараска, Валовница, Лазарополска, Ѕвончица, Белешница и доводните каналите (вкупна должина 11.266 m)  се наоѓаат на левата страна на Мала Река низ два сифон тунели (Гари и Тресонче), и се соединуваат во главниот доводен тунел.

Главниот доводен тунел ги испушта водите во водостанот со кружен профил. Водата од водостанот се води низ две челични цевководи се до генераторите во електрантата.

Шемата е дизајнирана да има номинален воден притисок од 365 m и максимален проток на турбината од 22 $m^3/s$. Очекуваното просечно годишно производство на електрична енергија е 126 Гигават часови. Ова количество ќе се носи во електричната мрежа со 110 KVA. Сеуште не е утврден правецот во кој оваа врска ќе биде остварена до мрежата, и ЕЛЕМ се во преговори со МЕПСО (национална компанија за електрична мрежа) во врска со ова. Може да биде потребен и посебен извештај во врска со поврзувањето со мрежата.

Предвидено е периодот на изградба да трае 4 години, почнувајќи од почетокот на 2012 година се до самиот почеток на 2016. За продолжената временска рамка на активностите за ХЦ Бошков Мост, погледнете ја табелата во Анекс 3.




**Слика 2-1** Мапа на зафатните локации




**Слика 2-2** Мапа на елементите на ХЕ Бошков Мост







**Слика 2-3** Граници на Националниот Парк Маврово и локација на главните елементи на ХЕ Бошков Мост

# 3 ПОТРЕБИ ЗА ЈАВНИ КОНСУЛТАЦИИ

## 3.1 Општи барања и законска регулатива

Јавните консултации и објавувањето на информации кое ќе го врши ЕЛЕМ ќе бидат во согласност со условите на законската регулатива на Република Македонија и најдобрата меѓународна пракса, како што беше опишано во барањата на Европската Банка за Реконструкција и Развој (ЕБОР).

Посебни упатства од ЕБОР за подготовката на овој ПВЗС вклучуваат:

- Политика за заштита на животната средина и социјална политика на ЕБОР (2008),
- Политика за информирање на јавноста на ЕБОР (2008),
- Барања за перформанси 10; Обелоденување на информации и Вклучување на засегнатите страни (2008).

Други релевантни документи кои се користат во проекти финансирани од ЕБОР вклучуваат:

- Конвенција за пристап до информации на ЕКОНЕ, Учество на јавноста во одлучувањето како и пристап на правдата во прашањата за животната средина (Aarhus Конвенција),
- Директива на ЕУ 85/337/EEC дополнета со Директива 97/11/EC во врска со Проценката на влијанијата врз животната средина од определени јавни и приватни проекти.

Законската регулатива на Република Македонија која треба да се следи во подготовката на овој ПВЗС вклучува:

- Конвенција за пристап до информации, Учество на јавноста во одлучувањето како и пристап до правда во прашањата за животната средина (Aarhus Конвенција), (Службен Весник на РМ бр. 40/99),
- Закон за просторно и урбано планирање (Службен Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10 и 18/11),
- Закон за животна средина (Службен Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 124/10) и соодветните подзаконски акти.

## 3.2 Преглед на барањата и законската регулатива на Р.Македонија

Законот за животна средина на Р. Македонија (член 77) експлицитно бара вршење проценка на можните влијанија врз животната средина од определени јавни и

приватни проекти кои значително може да влијаат на околината пред да биде издадена градежната дозвола во форма на одобување за спроведување на проектот. Хидроелектраната "Бошков Мост" припаѓа во онаа група на влијанија наведени во Анекс 1, точка 12 (Хидротехнички проекти) од "Уредбата која ги одредува проектите и критериумите според кои е направено барањето за спроведување постапка за проценка на влијанието врз животната средина" (Службен Весник на РМ бр. 74/05).

Вклучувањето на јавноста во процесот на одлучување треба да се спроведе преку:

a) Објавување на информации до Јавноста,

b) Учество на јавноста- Јавноста треба активно да биде вклучена во отворени, јавни дискусии, како и во доставување на писмени мислења и прашања во рамки на различните фази од постапката на ОВЖС,

c) Механизам за пристап до правдата- Јавноста може да влијае на одлуката преку поднесување жалби до Судот или Второстепената комисија на Владата.

По завршувањето на студијата за ОВЖС, Инвеститорот е должен истата да ја достави до Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање (МЖСПП), кое мора во рок од 5 дена да ја објави во дигитална верзија на нејзината веб-страница, и да ја достави за консултација во општината кадешто проектот ќе биде изграден. Процесот на јавно исложување и коментирање траат 30 дена, почнувајќи од денот на нејзиното јавно објавување. Коментарите и мислењата во врска со студијата мора да бидат доставувани во писмена форма до одговорното Владино тело (МЖСПП), и тоа може да го направи секој. Доколку некоја студија за ОВЖС не ги исполнува барањата на Член 84 од Законот за Животна средина на Р. Македонија, таа ќе биде вратена до Инвеститорот за проверка која не може да трае повеќе од 40 дена, сметано од датумот на прием на студијата (Закон за Животна средина на Р. Македонија: Член 83).

МЖСПП треба да организира јавно сослушување (Закон за Животна средина на Р. Македонија: Член 91) најмалку 5 дена пред подготовката на Извештајот за адекватност на ОВЖС студијата, за што е предвиден период од 60 дена од моментот на доставување на студијата до МЖСПП.

### 3.3 План за преселување и откуп на земјиштето

Одредени елементи од Проектот ќе треба да се градат на земјиште кое е во приватна сопственост. Во случај на било какво трајно губење на пасишта и плодно земјиште, шума или друга сопственост, како и можна штета за време на фазата на градење или за време на работата и одржувањето на инфраструктурата, се врши надомест на штетата во фер и транспарентни процедури, согласно со законската регулатива на Р. Македонија и Политиката за заштина на животната средина и социјална политика на ЕБОР [2008] (Барања за перформанси 5).

Проектот ќе биде граден во области со релативно ниска густина на населеност, но може да засегне одреден број на станбени објекти во областа предвидена за акумулација, во Тресонче. Рамката за стекнување со земјиште и компензација е веќе подготвена за јавно информирање, а подетален План за стекнување со земјиште и компензација ќе биде создаден за одредено време и во непосредна консултација со потенцијално засегнатите сопственици и корисници на имот, се со цел да се ублажат негативните влијанија од целиот процес.

## 3.4 Преглед на барањата и прописите на ЕБОР

ЕБОР смета дека консултирањето и вклучување на засегнатите страни претставува непрекинат процес кој треба да започнува во најраната фаза на процесот на проценка на животната средина и продолжува во текот на целиот циклус на проектот финансиран од ЕБОР.

Треба да се посвети особено внимание на идентификувањето на ранливите засегнати страни кои може да бидат несразмерно засегнати од проектните активности. Консултирањето и комуникацијата со овие ранливи групи на засегнати страни треба да биде планирано и управувано со особена грижа.

Исто така, ЕБОР бара изготвувачот на проектот (ЕЛЕМ) да воспостави и одржува ефективен механизам на поплаки кој ќе осигура дека сите поплаки и прашања до стејкхолдерот се примени, разгледани и решени ефективно, брзо и навремено.

## 3.5 Најдобра меѓународна пракса

Клучните принципи за ефективно работење се сумирани подолу:

- Обезбедување значајни информации во формат и јазик кој е лесно разбирлив и прилагоден на потребите на целните групи на засегнати страни;
- Обезбедување информации однапред во врска со консултациските активности и одлучувањето;
- Обезбедување информации на начин и локации што ќе им овозможи на засегнатите страни полесен пристап до нив, и кои се културно соодветни;
- Почитување на локалните традиции, јазици, временски рамки, и процеси на одлучување;
- Двонасочен дојалог кој им дава можност за размена на мислења и информации на двете страни како и можност за сослушување и упатување на проблемите;
- Застапеност на различни групи, вклучувајќи различни возрасти, мажи и жени, ранливи и/или малцински групи;
- Работа без закана, принуда или поткуп;

- Јасни механизми за одговарање на прашањата, предлозите и поплаките на луѓето; и
- Каде што е можно и одржливо, пожелно е вклучување на повратните информации во подготовката на проектот или програмата и повторно известување на засегнатите страни.

# 4 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

## 4.1 Идентификување на засегнатите страни

Овој дел од документот ги идентификува заинтересираните страни, т.е. засегнатите страни, како и другите кои се засегнати на локално, регионално и национално ниво.

Засегнатите страни, исто може да бидат индивидуи и организации, а кои е возможно да се директно или индиректно засегнати од проектот, независно дали на позитивен или негативен начин, како и оние кои сакаат да ги искажат своите видувања.

ЕЛЕМ превзема иницијатива да ги идентификува главните засегнати страни на овој Проект. Во тоа се искористени следниве дефиниции:

- **Примарни засегнати страни:** секоја засегната страна која има значително влијание на, но и од активностите, и кадешто овие интереси и влијание треба да бидат признати ако активноста е успешна; и
- **Секундарни засегнати страни:** секое лице, група или организација со личен интерес од резултатите на активноста.

Постојат партнерства и формални советодавни спогодби, како и помалку фомални, но важни односи со групите или индивидуите а кои имаат посебен интерес во активноста што ЕЛЕМ ќе ја превзме.

Засегнатите страни може да се групираат во следниве категории:

**Примарни засегнати страни:**

- Инвеститори
- Владини институции
- Локална самоуправа
- Владини агенции и Научни институции
- Жители кои се директно засегнати/ сопственици на имот и слични организации на базирани на заедницата
- Вработени и Изведувачи

**Секундарни засегнати страни:**

- Граѓански организации

- Приватен сектор/ Бизнис асоцијации
- Религиски институции
- Индиректно засегнати жители / сопственици на имот
- Медиуми
- Општа јавност

Повеќе информации за сите идентификувани засегнати страни на проектот ХЕ Бошков Мост може да се најдат во Списокот на засегнати страни, наведен во **Анекс 3** од овој документ.

# 5 МЕТОДИ НА КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

## 5.1 Методи на комуинкација

ЕЛЕМ ќе ги промовира, воспостави и искористи сите ефикасни методи на комуникација со цел да допре до засегнатите страни и да воспостави отворен дијалог кој ќе помогне во надминувањето на критичните прашања кои се однесуваат на комплетното реализирање на Проектот.

Широк спектар на методи на комуникација ќе биде употребена со различните засегнати страни. Тој опфаќа:

- Јавни средби;
- Индивидуални средби;
- Соопштенија во локални и национални медиуми;
- Обезбедување на општи информации на огласни табли поставени на клучни јавни места;
- Редовна коренсподенција преку пошта/ e-mail;
- Објавување на релевантни проектни информации на веб-страницата на компанијата [www.elem.com.mk](http://www.elem.com.mk);

**Табела 5-1** Методи на комуникација развиени и користени со определени засегнати страни

| **Засегнати страни** | | **Метод на комуникација** |
|---|---|---|
| **Главни стејкхолдери** | Инвеститори | • Дневна директна комуникација во секоја фаза од проектот |
| | Владини институции | • Редовна и постојана коренсподенција во согласност со административните процедури, достава на документи примени по обична пошта (официјални писма) и консултативни средби. |

| | | |
|---|---|---|
| | Локална самоуправа | • Редовна и постојана коренсподенција во согласност со административните процедури, достава на документи примени по обична пошта (официјални писма) и консултативни средби. |
| | Владини агенции и Научни институти | • Редовна и постојана коренсподенција, размена на податоци и информации потребни за успешна реализација на планираните активности. Редовна комуникација преку пошта/e-mail, официјални писма и консултативни средби. |
| | Вработени и изведувачи | • Комуникација со вработените во согласност со правилата и процедурите на интерната комуникација на ЕЛЕМ<br>• Комуникација со изведувачите во согласност со правилата наведени во Договорот помеѓу ЕЛЕМ и секоја градежна компанија |
| | Жители кои се директно засегнати/ сопственици на имот и слични општински организации | • Жителите кои се соочуваат со промени во инфраструктурата, пречки и прекини треба да бидат искомуницирани преку медиумите (огласни табли, огласи во медиумите, јавни соопштенија), и јавни консултативни средби<br>• Процесот на откуп на земјиштето ќе биде спроведен лично со сопствениците на имот. |
| **Споредни акционери** | Граѓански организации | • Комуникација преку e-mail, веб-страницата, билтени, медиуми (јавни соопштенија, промовирања), директни средби со јавноста |
| | Приватен сектор/ Бизнис асоцијации | • Размена на информации, медиуми, веб-страница, билтени |
| | Религиски институции | • Размена на информации |
| | Жители кои се индиректно засегнати/ сопственици на имот | • Жителите кои се засегнати за тековните проектни активности во нивното опкружување треба да бидат искомуницирани преку медиумите (огласни табли, огласи во медиумите, јавни соопштенија), веб-страницата и јавни консултативни средби по потреба. |
| | Медиуми | • Јавни соопштенија, средби по потреба, промовирања. |
| | Општа јавност | • Јавни соопштенија, средби по потреба, промовирања. |

## 5.2 Комуникациски активности на засегнатите страни

Постои непрекинат процес на комуникација со засегнатите страни. **Анекс 5** јасно ги опишува сите активности и ангажмани на акционерите кои се одвивале до сега.

## 5.3 Водење на записи од комуникацијата со засегнатите страни

Формален механизам на поплаки е развиен и имплементиран од страна на Компанијата, а кој ги опфаќа градежната и оперативната фаза на Проектот ХЕ Бошков Мост. Механизмот на поплаки исто така ќе биде вклучен и во еколошкиот, здравствениот и безбедносниот систем на управување кој ќе го спроведува Компанијата за локациите. Тој ќе биде и објавен на огласните табли и јавните простории во локалните заедници и преку локалните медиуми (весници, радио, телевизија).

Ќе се развие процедура за записите од комуникацијата, а кои ќе ги заведуваат главните информации доставени од засегнатите сттрани, како и клучната комуникација до ЕЛЕМ која следи (на пр. Општи прашања, поплаки, итн), заедно со краток опис од превземаните акции.

Како дел од оваа комуникациска процедура, ЕЛЕМ редовно ќе ги регистрира и ажурира овие тековни активности поврзанин со вклучување на засегнатите страни.

# 6 ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

## 6.1 Видови на информации кои може да се објават

Информациите кои ќе бидат објавени се сметаат за дел од целокупната развојна програма на ЕЛЕМ за ХЕ Бошков Мост. Во општи црти, интерната и екстерната комуникација ја врши ЕЛЕМ на разни начини опишани тука. Целите на екстерната комуникација се:

- да обезбеди континуирана вклученост на целните публики; и

- да обезбеди информации за активностите на Компанијата, вклучувајќи ја нејзината ефикасност, развој, нејзините инвестициски планови и нивната имплементација.

Општи информации во врска со важни прашања за сите фази (планирање, градење и функционирање) во врска со реализацијата на Проектот, како брошура и краток опис на Проектот ќе бидат достапни на:

- веб-страницата на ЕЛЕМ (www.elem.com.mk);

- огласна табла во просториите на релевантните Општини; и
- локалните простории на ЕЛЕМ.

Детални информации, вклучувајќи релевантни документи како на пр:

- Нетехничко резиме (НТР) за Соопштението за еколошкото и општественото влијание;
- План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС);
- Акциониен план за животната средина и општеството (АПЖСО);
- Студија за процена на влијанието врз животната средина и општеството (ОВЖСО); и
- Еколошки и градежни одлуки/дозволи.

ќе бидат достапни во тврди копии, со претходно барање до:

- канцелариите на седиштето на ЕЛЕМ во Скопје;
- канцелариите на релевантните министерства; и
- канцелариите на засегнатата Општина.

Електронски верзии на овие документи (НТР, ПВЗС и АПЖССА) ќе бидат достапни на веб-старницата на ЕЛЕМ (www.elem.com.mk) и ЕБОР (www.ebrd.com).

## 6.2 Функции и одговорности за спроведување на ПВЗС

Вклучувањето на засегнатите страни е од суштинско значење за целта на ЕЛЕМ за успешна реализација на Проектот ХЕ Бошков Мост. Раното вклучување на засегнатите страни и идентификување на суштинските предизвици кои сериозно може да влијаат на исходот од планираниот проект можат да послужат како цврста основа за одлична соработка меѓу Компанијата и Заедницата кадешто ќе биде изграден овој проект.

Одговорно лице за целосно исполнување на Планот за ангажман на стејкхолдерите е :

**Горан Стоилов**, Одговорен Инженер за Хидро Објекти

Сектор за развој и инвестиции
Тел: + 389 (0)2 31 49 204
Фax: + 389 (0)2 32 24 492
e-mail: boskov.most@elem.com.mk
goran.stoilov@elem.com.mk

Адреса:
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА (ЕЛЕМ)**
11 Октомври 9,1000 Скопје, Македонија

Детален план за следните активности поврзани со вклучување на засегнатите страни е претставен во **Анекс 6.**

# 7 МЕХАНИЗАМ НА ПОПЛАКИ

Вите видови на поплаки на засегнатите страни (освен оние од вработените и изведувачите) а поврзани со Проектот треба да се доставаат до следното лице од ЕЛЕМ:

Звонко Кушоски, Инженер за инвестиции
Тел: + 389 (0)2 31 49 164
Фах: + 389 (0)2 31 49 100
e-mail: boskov.most@elem.com.mk
zvonko.kusoski@elem.com.mk

Адреса:
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА (ЕЛЕМ)**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, Македонија

ЕЛЕМ ќе го имплементира следниов механизам на поплаки:

1) Потврдата за прием на жалбата мора биде во рок од 5 работни дена од денот на приемот на жалбата.
2) Одговорот треба да биде во рок од 30 дена од примањето на жалбата.

Во **Анекс 1** графички е претставена рамката на процедурата. Начинот на поднесување на жалба ќе биде истакнат на локалните огласни табли и веб-страницата на ЕЛЕМ (http://www.elem.com.mk/images/photo/projects/Boskov_Most.pdf); каде ќе биде достапен "Образец за жалба" (види **Анекс 2**).

Надворешните поплаки поврзани со животната средина и општественото влијание на Проектот ќе бидат регистрирани и чувани во дневникот за поплаки.

Поплаките од страна на работниците вклучени во Проектот ќе бидат проследувани преку соодветни претставници на синдикатите, а доколку е возможно и ЕЛЕМ би можел да се вклучи во директно изнаоѓање на соодветни решенија. Сите поплаки кои произлегуваат од страна на изведувачите, треба да се доставаат преку вообичаените утврдени комерцијални канали.

## Анекс 1: Графички приказ на процесот на поплаки



## Анекс 2: Образец за јавна жалба за ХЕ Бошков Мост

### Образец за јавна жалба

| | |
|---|---|
| **Референтен број:** | |
| **Име и презиме** | |
| **Информации за контакт:**<br><br>Ве молиме наведете како сакате да бидете контактирани (пошта,телефон, e-mail) | Преку пошта: Ве молиме наведете поштенска адреса:<br>________________________________________<br>________________________________________<br>Преку телефон:<br>________________________________________<br>Преку e-mail<br>________________________________________ |
| **Претпочитан јазик за комуникација** | [Македонски]<br>[Албански]<br>[Турски] |
| | |
| **Опис на настанот или жалбата:**<br>Што се случи? Каде се случи? Кому му се случи тоа? Кој е резултатот од проблемот? | |
| | |
| **Датум на настанот/жалбата** | |
| | Некогашна случка/поплака (датум ________________)<br>Се случил повеќе од еднаш (колку пати? __________)<br>Тековен (проблем со кој моментално се соочувате) |
| | |
| **Што би сакале Вие да се случи за да се реши проблемот?** | |
| | |
| Потпис: ______________________________ | Датум: __________________ |

**Ве молиме вратете го образецот до:**

**Звонко Кушоски**,
Инженер за инвестиции

Тел: + 389 (0)2 31 49 164
Фах: + 389 (0)2 31 49 100

**e-mail**:
boskov.most@elem.com.mk

Сектор за развој и инвестиции
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА (ЕЛЕМ)**

11 Октомври 9, 1000 Скопје,
Република Македонија

# Анекс 3: Временски рамки на предложените активности за ХЕ Бошков Мост

| | | ХЕ БОШКОВ МОСТ-ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Процена на влијанието врз животната средина и општеството (ОВЖСО) | ОВЖСО јавни консултации (барања на Р.Македонија -30 дена) | ПВЖСО јавни консултации (Барања на ЕБОР) | Финален проект | Доделување на договор | Период на градење на лице место | Оперативен период на електраната |
| **Временски распоред на активностите** | **Активноста ЗАПОЧНУВА** | **Фев. 11** | **Јули 11** | **Јули 11** | **Септ. 11** | **Мај 12** | **Јули. 12** | **Јули'16** |
| | **Активноста ЗАВРШУВА** | **Јуни 11** | **Јули 11** | **Ное. 11** | **Дек. 11** | **Мај 12** | **Април. 16** | **нема информ.** |
| | **Времетраење (Месеци)** | **5** | **1** | **4** | **3** | **4** | **48** | **нема информ.** |
| **Примарни засегнати страни** | **Инвеститори** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| | **Владини институции** | √ | - | - | √ | - | √ | √ |
| | **Локална самоуправа** | √ | √ | √ | √ | - | √ | √ |
| | **Владини агенции и научни институции** | √ | - | - | √ | - | √ | √ |
| | **Жители кои се директно засегнати/ сопственици на имот и слични општински организации** | √ | √ | √ | - | - | √ | √ |
| | **Вработени и изведувачи** | - | - | - | √ | √ | √ | √ |
| **Секундарни засегнати страни** | **Граѓански организации** | √ | √ | √ | - | - | √ | √ |
| | **Приватен сектор/ Бизнис асоцијации** | √ | - | - | - | - | √ | - |
| | **Религиски институции** | √ | √ | √ | - | - | √ | - |
| | **Жители кои се индиректно засегнати/ сопственици на имот** | √ | √ | √ | - | - | √ | √ |
| | **Медиуми** | √ | √ | - | - | - | √ | √ |
| | **Општа јавност** | √ | √ | √ | - | - | √ | √ |

## Анекс 4: Табела- Список на главните засегнати страни во ХЕ Бошков Мост

| Групи на засегнати страни | Засегната страна | Краток преглед на специфичните интереси |
|---|---|---|
| | **Примарни засегнати страни** | |
| **Инвеститори** | **ЕЛЕМ**<br>11 Октомври 9<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 31 66 758<br>Фах: (02) 2 31 12 165<br>e-mail: contact@elem.com.mk | |
| | **ЕБОР**<br>Зграда на Макошпед,<br>Македонија 19<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3297 800<br>Фах: (02) 3231 238 | Заинтересирана за соодветно и квалитативно инвестирање |
| **Владини институции** | **Министерство за животна средина и просторно планирање**<br>Бул. Гоце Делчев бб<br>(МРТВ, 10-11-12 кат)<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3251-400;<br>Фах: (02) 3220-165;<br>email: infoeko@moepp.gov.mk | Одговорно за давање мислење и дозвола за градење на планираниот проект |
| | **Министерство за економија**<br>Јуриј Гагарин 15<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: 3093-408<br>Фах: 3084-472<br>www.economy.gov.mk | Одговорно за Енергетскиот сектор, кадешто припаѓа овој Проект |
| | **Министерство за финансии**<br>Даме Груев 15<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3117-288<br>Фах: (02) 3106-779<br>e-mail: finance@finance.gov.mk | Канцеларијата за имотни и правни работи која работи во склоп на Министерството е одговорна за експроприацијата на земјиштето. |
| | **Министерство за транспорт и врски**<br>Црвена скопска општина 4<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3145-497<br>Фах: (02) 3126-228<br>e-mail: contact@mtc.gov.mk | Одговорно за планирање, обезбедување и иницијализирање на инфраструктурата за доброто на луѓето кои живеат/се одмораат во погодената област, како и за обезбедување на витални информации. |

| Групи на засегнати страни | Засегната страна | Краток преглед на специфичните интереси |
|---|---|---|
| | **Министерство за култура**<br>Ѓуро Ѓаковиќ 61<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3240-600<br>Факс: (02) 3240-561<br>info@kultura.gov.mk<br>www.kultura.gov.mk<br><br>Управа за заштита на културното наследство<br>Ѓуро Ѓаковиќ 61<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3289-703<br>Факс: (02) 3289-777<br>contact@uzkn.gov.mk<br>www.uzkn.gov.mk | Одговорно за зачувување на културата<br><br>Заштита на културното наследство |
| | **Агенција за енергетика на Република Македонија**<br>Орце Николов 68<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел./Факс. +389 2 3230300<br>ea@ea.gov.mk<br>www.ea.gov.mk | АЕРМ ја поддржува спроведувањето на енергетската политика на Владата, преку подготовка на енергетски стратегии, развојни планови и програми со посебен нагласок на енергетската ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ). |
| | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Јуриј Гагарин 15<br>Скопје, Македонија<br>Тел/Факс: (02) 3134-477<br>info@mzsv.gov.mk<br>www.mzsv.gov.mk | Минисерството е одговорно за управување со природните ресурси. |
| **Владини агенции и Научни институти** | **Агенција за катастар на недвижности**<br>Дрезденска бб<br>Тел: 0800 80 800<br>Тел: (02) 3097-301<br>Факс: (02) 3097-336<br>www.katastar.gov.mk | Одговорна за основањето и управувањето со геодетско-катастарскиот информационен систем, упис на права на недвижности итн.<br><br>Ефективност во собирањето и катастарските документи. |
| | **АД МЕПСО** (Македонски електропреносен систем оператор)<br>Тел: (02) 3149-005<br>Факс: (02) 3111-160<br>npetreska@mepso.com.mk<br>www.mepso.com.mk | Одговорен за непречен пренос на електрична енергија преку мрежа со висок напон, контрола на системот за електрична енергија, редовно и навремено доставување на електрична енергија до своите клиенти, и до нисконапонската мрежа на ЕВН Македонија. |

| Групи на засегнати страни | Засегната страна | Краток преглед на специфичните интереси |
|---|---|---|
| | **Национален парк Маврово**<br><br>**Проектна канцеларија-Раководство на Националниот парк Маврово**<br>Маврови Анови, Македонија<br>Тел: (042) 489- 019<br>Факс: (042) 489-505<br>www.npmavrovo.org.mk<br>npmavrovo@npmavrovo.org.mk | Најголемиот број од природните ресурси во зафатената област се раководени од Националниот Парк<br><br>Постои Проект финансиран од италијанската Влада преку невладина организација која има задача да развие Студија за ревалоризација на вредностите на Националниот Парк Маврово, да предложи нови граници и зони на Паркот и да направи План за управување. |
| | **Музеј на Македонија**<br>Курчиска бб,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3129-323, (02) 3129-076<br>Факс: (02) 3116-439<br>musmk@mt.net.mk<br>www.musmk.org.mk<br>nada.andonovska@gmail.com | Национална институција која го собира, истражува, чува, заштитува и презентира културното и историското наследство на Македонија од праисторијата до денес. Оваа област била полна со живот и населена со векови. Било какви артифакти пронајдени таму може да бидат предмет на идни истражувања. |
| | **Музеј за национална историја на Македонија, Скопје**<br>Бул. Илинден, 86<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3117-669<br>Факс: (02) 3116-453<br>ljubenkageorgievska@yahoo.com<br>macmusnh@unet.com.mk | Музејот го собира, проучува и изложува националното богатство на Македонија (минерали и карпи, фосили, растенија, безрбетници, инсекти, риби, водоземци и влечуги, птици, цицачи). |
| | **Природноматематички Факултет, Институт за биологија**<br>Гази Баба, бб<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3249-999<br>Факс: (02) 3228-141<br>sekretar@pmf.ukim.mk | Институција одговорна за научна елаборација на биолошката разновидност и заштита на природата. |
| | **Шумарски Факултет**<br>Бул. Александар Македонски бб<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3135-033<br>Факс: (02) 3164-560<br>sumarski@sf.ukim.edu.mk | Институција одговорна за научна елаборација на шумите. |
